Ненад Перошевиќ
Милош Вукановиќ

Незнам чии се авионите, но бомбите се наши

Сојузничко бомбардирање на Југославија во текот на Втората светска војна



Клучно прашање

Кој пие, а кој плаќа?

Тема

Темата на работилницата го опфаќа периодот на Сојузничкото бомбардирање на градови во Југославија 1943-1944 година. Слично како и во остатокот на Европа, оваа тема е доста занемарена во учебниците по историја, иако предизвикала илјадници жртви и разорување на многу градови. Бомбардирањето се случило ширум југословенските републики, а и до ден денес останува контроверзна тема, како и од кои причини се случило, но и кој го наредил бомбардирањето.

Цели

Целта на работилницата е да им ја доближи на учениците темата за разорувањата и патењата на населението предизвикани со масовните воздушни бомбардирања. Работилницата е фокусирана на периодот од Втората светска војна, попрецизно на сојузничкото бомбардирање на градови во Југославија. Иако бомбардирањето од страна на силите на оската е претставено во работилницата, сепак фокусот е на Сојузниците, токму поради степенот на разорувања кои истите го предизвикале. Критичкит пристап кон оваа тема ќе потикне дискусија во поглед на искреното пријателство и интереси во меѓународните односи во дадениот период.

Очекувани резултати

- Учениците ќе анализираат историски извори
- Учениците ќе развиат свест за ужасите на војната и животот под бомбардирање
- Учениците ќе се запознаат со односот на современата политика кон историските збиднувања

Упатство за наставници

Наставникот ја започнува работилницата со воведни прашања:

1. Кои цели се бомбардираат и која е разликата помеѓу воени и цивилни цели?
2. Што мислите колку било прецизно бомбардирањето во текот на Втората светска војна?
3. Со кое скорешно бомбардирање сте запознаени?
4. Знаете ли за некое бомбардирање на вашиот град?

45 минути

Наставникот продолжува со воведот Учениците го читаат воведниот текст, изворот 1 и ја анализират картата. Наставникот на учениците им ги поставува прашањата од крајот на воведот. Откако учениците ќе одговорат на прашањата, наставникот црта временска лента и бара од учениците на истата да ги забележат најзначајните датуми од воведниот текст.

Активност 1

Наставникот ги дели учениците во 4 групи и на секоја од нив им дава извори за одредени градови: Лесковац, Подгорица, Белград и Задар.

Секоја група има иста задача, да користејќи го текстот и фотографиите направи новинарска статија од агол на различни новинари:

- Група 1 (Лесковац) треба да напише новинарска статија од агол на советски новинар;
- Група 2 (Подгорица) треба да напише новинарска статија од агол на британски новинар;
- Група 3 (Белград) треба да напише новинарска статија од агол на германски новинар;
- Група 4 (Задар) треба да напише новинарска статија од агол на југословенски (партизански) новинар.

Претставник на секоја група ќе ја прочита својата новинарска статија. Потоа наставникот бара од учениците да ги споредат статиите и да продискутираат околу истите.

Активност 2

За крај на часот, наставникот го претставува изворот 5 и фотографијата на два споменика. Од учениците бара да го погледнат материјалот, одговорат на прашањата и да го дадат своето мислење.

Воеd

6 1941 .
, , , ,
, .
.
, , , 484 6 7
.
1941 2.274 , 627 ,
10.000, .
300.000 , .
, ,
, .
.
1943 . 20 1943 ,
.
1943 ,
.

Активност 1

Работа во групи

Група 1

Извор *1*

Изненадените граѓани на Никшиќ се скриваа во куќите и подрумите пред првите налети на авионите. Меѓутоа, многумина како не би останале затрупани под урнатините, остануваа на отворен простор. На плоштадот покрај куќата на Катуриќ, Стеван Златни Вуковиќ, "спокојно" гледаше во небото и нешто сам со себе разговараше. Во врска со тоа остана запаметена вистинитата анегдота, дека на прашање на граѓанин, кој исто така не сакал да се засолни во домот: "Чии се овие авиони?", сосема сериозно одговорил: "Не знам чии се авионите, но бомбите се наши".

Maksim Vujačić, Trg Slobode (1885-2007), Nikšić, 2007. str. 48-49

Прашања:

1. Кога и зошто Сојузниците отпочнуваат кампања на бомбардирање на Југославија?
2. Што сакал да каже граѓанинот на Никшиќ со својот одговор?
3. Дали воздушното бомбардирање е практикувано само во Втората светска војна?
4. Знаете ли други примери на воздушно бомбардирање?

Извор *2*

Сведоштво за бомбардирањето на Лесковац, Србија

Бугарите го беа напуштиле својот логор во гимназијата, која се наоѓаше спроти нашиот затвор, а чувме дека и сосема го напуштиле градот. Гимназијата сосе паркот околу неа игледаше пусто и стравично со празните ровови. Од Зотовиќевиот затвор, кој беше веднаш до нашиот, не се слушаа лелеци. Сигурно Зотовиќ* со своите џелати присаствувал на прославата. Само некој Недиќевец** се шеташе пред училиштето, најверојатно стражар. Во собата владееше чудна тишина. Секој се занел во своите мисли за својата судбина.

Одненадеж, се чу далечен звук на авион. Осетивме дека се бомбардери. Денес нивниот звук беше погласен.

Беше точно 12 часот и 15 минути. Наеднаш се слушна стравичен звук на бомбардер во обрушување. Ни беше јасно: ќе не бомбардираат. Најпрвин се слушна продорен свиреж, а потоа и експлозија. Една, две, десет, сто... Ми се чинеше дека бомбите паѓаат право врз затворот, на мене. Гонет од исконскиот страв од смртта, излетав од собата и се залепив за земјата под еден багрем сред дворот. Додета татнеше и грмеше, врз мене паѓаше шут од разрушените згради. Од прашината ништо не се гледаше. Осетив удар. Потоа видов дека не е опасно. Ме удрило парче цигла од разрушените згради.

Секаде околу нас су слушаа пискотници и лелеци. Меѓутоа, прашината беше густа и не можеше ништо да се види. Устата и беше полна со прашина и земја. Конечно престана кршењето околу нас. Експлозиите беа се поретки и поодалечени од нас, додека конечно не стивнаа. Малку по малку слегна и прашината, а сончевите зраци започнаа да се пробиваат. Во воздухот се чувствуваше мирис на изгореност и киселина. Кога конечно се одлепив од земјата и погледнав околу себе, за малку не се онесвестив. Затворениците избезумено бегаа од затворот. Вратата, прозорците, креповите од кровот на затворот, сето тоа го снемало за момент. Останале само безживотни ѕидови. Не видов некој да загина. Значи, сите го преживеавме бомбардирањето. Зотиќевиот затвор беше срушен исто како и дел од општинската зграда каде што беше сместена полицијата. Предниот дел на соколаната исто така беше срушен. На местото од некогашниот влез сега зјаеше огромна дупка. Неколку преживеани Недиќевци, бегајќи, псуеа фрлајќи го оружјето. Погледнав кон исток. Гимназијата веќе не постоеше. Срамнета е со земјата...

(*Михајло Зотовиќ, мајор, командант на "Железниот полк" на Српскиот доброволечки корпус. Квинслишка организација под команда на Димитар Љотиќ)

(**Недиќевец – подржувач на Владата на национален спас на Милан Недиќ, германски соработник)

Ракопис сеќавања на Драгиша Кнежевиќ, Istorija Leskovca 1944-1953 godine, (Материјал на Народниот музеј на Лесковац)

Извор *3*

Сведоштво и фотографија од бомбардирањето на Подгорица, Црна Гора

Сведоштво 1

Првата група од 60 авиони најпрвин го прелета градот испуштајќи од опашите бел дим, што досега го немавме видено. Направија еден круг над градот обиколувајќи го со дим, како со тоа да сакаа да го означат просторот кој треба да го бомбардираат, што се испостави дека и го правеле. Кога првата група го затвори кругот, настана пекол на земјата. Само што првата група од авиони го испорача својот смртоносен товар, налета друга, а потоа и трета. Од силните удари земјата се тресеше, градот се рушеше, човечки тела летаа низ воздухот. Ја загубив мајка ми Милица (39) и сестра ми Зорка (8). Страдаше и нашата куќа која се наоѓаше во центарот на градот, спроти "Беко". Уште многу згради беа срушени и многу семејства загинаа. Бројот на ранетите, како и кај загинатите, никогаш не е утврден. Случувањата се менуваа како на филмска лента. Требаше да се погребаат загинатите и да се продолжи со животот во услови на постојната окупација и сега разурнатиот град. Уверен сум дека немаше семејство во центарот на градот кое немаше некој загинат или ранет член.

Од ова катастрофално бомбардирање најмногу страдаше самиот центар на градот: Улица Балшиќ, Новак Милошева, Немањин брег... По бомбардирањето настана страотен метеж. Преживеаните брзаа што поскоро да го напуштат градот, под урнатините се слушаа лелеци. Улиците беа затрупани и преорани, со бројни длабоки дупки. Делови од човечки тела висеа по телеграфските жици. Некои од објектите гореа. Димот ги штипеше очите. Облаци од прашина. Со еден збор – пекол.

Сведоштво 2

Ноќното бомбардирање ме затекна во градот, во куќата каде што инаку живеевме. Сопственичката на куќата, наша роднина, беше самохрана, па секојдневно ја посетував и носев, колку што се имаше храна. Таа ноќ останав да преспиам таму. Наеднаш, се чу зуење на авиони и силна експлозија која го осветли целиот град. Светлоста долго се задржа и беше со таков интензитет што можеше дури и игла да се најде. Се изгледаше сенишно над разрушениот град. Ноќта се претвори во ден. Откако сојузничките авиони го истресоа својот товар, настана тишина. Се говореше дека таа ноќ имаше многу мртви, токму оние граѓани кои во тој момент се најдоа во домовите. Утредента поранив и тргнав кај моите во Загориќ. Проаѓајќи покрај военио стан, во ограденио простор видов неколку падобрани. Кога се доближив, видов дека во нив се наоѓаат, зариени в земја, некакви метални направи. Кога на своите им раскажав што сум видел, постарите рекоа дека се тоа падобрани од ракетите со кои беше осветлен градот.

Многу пати потоа размислував зошто нашиот град беше така драстично бомбардиран. Според тоа што се случи во Подгорица, се добива впечаток дека стратешките објекти не биле нивна мета. Бидејќи, како да се објасни фактот дека ниту еден мост, сем Кнеѓиниот, не е срушен, како и ниту еден воен објект?

Prof. Dr Branislav Kovačević, Savezničko bombardovanje Crne Gore, Podgorica 2003.

Извор *4*

Сведоштво и фотогарфии од бомбардирањето на Белград, Србија

Резултатите од бомбардирањето на Белград од страна на Сојузниците на 16 и 17 април 1944 година се такви да населението на Белград поднело големи жртви. Од воените објекти единствено се погодени железничката станица со просториите, фабриката за воен прибор и куќата во која веше сместен Гестапо на Дорѓол. Бомбите се фрлани по сите делови од градот, погодени се дури и болницата и санаториумот. Воената болница, во која се наоѓаа наши заробеници поради лечење, била погодена. Понатаму, срушени се следните објекти: Клиниката за внатрешни болести, Детската клиника, Државната болнива, Општинското породилно, Заводот за деца бегалци и многубројни приватни објекти.

Следните места во Белград најмногу страдаа: Технички факултет, Студентски дом и Славија. Потоа Теразије, Немањина улица, Милош Велики, улица Кралица Наталија и Сараевска улица. Исто така настрадаа и Зелен Венац и Нова Пијаца. На улиците имаше бројни лешеви. Тие кои го преживеаа ова, се разбегаа на разни страни. Цели улици беа во пламен. Брзата помош веднаш престана да функционира. И сеуште има лешеви по улиците. Последиците од ова бомбардирање се многу поголеми од она на 6 април 1941 година.

Генерал Д. Михаиловиќ, 21. 4. 1944.

Prof. dr Branislav Kovačević, Savezničko bombardovanje Crne Gore 1943-1944, GRAĐA, Podgorica 2003.



Bombing of Belgrade; *Military Encyclopedia of Yugoslavia; 1958 edition*

Извор ***5***

Сведоштво и фотографии за бомбардирањето на Задар, Хрватска

Првиот поголем воздушен напад на сојузните сили врз Задар изведен е вечерта на 2 ноември 1943 година, кога меѓу останатите објекти е разорен домот за деца без родители, а следеа и големи напади на 28 ноември (преку 200 жртви), потоа на 16 и 30 декември истата година. Првите напади беа карактеризирани со голем број на цивилни жртви, но градот, иако оштетен, сеуште функционираше. Нарочно беше тешко бомбардирањето на 16 декември кога се погодени складовите на Церерија (денешна Воштаница) и во самиот центар на градот. Притоа загинале околу 150-200 луѓе. Во ударот учествувале 50 американски бомбардери " Mitchell" (Б-52) кои фрлиле 90 тони бомби.

Нападите кои потполно го разориа Задар уследиа од јануари до март 1944 година. Меѓутоа, во нив бројот на жртви беше многу помал бидејќи населението кое остана без домови и средства за живот се разбега по помалку оштетените предградија, како и по задарските острови. Се проценува дека пролетта 1944 година во Задар, заедно со прдградијата, имало помалку од 4.000 цивили. Иако сите индустриски објекти и пристаништа беа онеспособени, а германците беа приморани да користат помошни пристаништа, бомбардирањата продолжија во текот на целата 1944 година.

До летото центарот на Задар практично и не постоеше: повеќето од куќите се целосно раурнати, а нивните урнатини ги затрупаа улиците. Градот целосно опусте. Од јуни до октомври не се забележани поголеми напади, за да истите се случат кон средината на октомври 1944 година, при повлекувањето на германската војска. Најсилните бомбардирања беа на 25 и 30 октомври. Последното сојузничко бомбардирање е изведено на 31 октомври 1944 година, на самиот ден на влегувањето на партизаните во Задар. Задар е конечно ослободен на 1 ноември 1944 година. Претпоставка е дека до последното бомбардирање дошло по грешка поради лошите комуникации. Притоа загинаа и неколку партизани.

Покрај разорувањата, за кои одговорност имаат сојузничките бомбардери, Германците кои при повлекувањето ја минираа "Нова рива", остана спорен и вкупниот број на жртви. Од бомбардирањето. Точните податоци најверојатно никогаш нема да се утврдат, бидејќи во военио Задар имаше голем проток на население – локалното население заминуваше, доаѓаа италијани од другите далматински градови, а неутврден е и бројот на војниците. Најреална бројка е околу 1.000 загинати, бидејќи мнозинството од населението побегна по првите напади есента и зимата 1943 година. Но и тој број представува најголеми жртви кои некој град во Хрватска ги претрпел од сојузничкото бомбардирање.

Земено од документарниот филм "Огнови од небото", петта епизода.
http://www.youtube.com/watch?v=HC9OWbFLMSs 27 Maj 2013.

Активност 2
Работа во групи

Извор *6*

Два споменика во Подгорица, главен град на Црна Гора

http://portalanalitika.me/drustvo/tema/69476-bijela-ptica-i-crna-bomba.html (25.05.2013)

На левата страна е прикажан споменик, наречен Црна бомба, кој е подигнат во чест на повеќе од 2.000 граѓани на Подгорица загинати во Сојузничкото бомбардирање во текот на Втората светска војна. Споменикот е подигнат во 1993 година.

На десната страна прикажан е споменик, наречен Бела птица, кој е подигнат во чест на двајца сојузнички пилоти. Овие пилоти биле соборени од германската противвоздушна одбрана, на небото од Црна Гора, во текот на акцијата на сојузничко бомбардирање на југословенските градови во Втората светска војна. Споменикот е подигнат 2012 година.

Прашања:

1. Кои се причините за подигање на вакви споменици?
2. Кои се сличностите и разликите помеѓу овие два споменика?